Организација на жените на Општина Велес

ул: „Алексо Демниевски – Бауман“ бр.7, 1400 Велес
email: rksozmveles@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 10-09- 2025
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
08-434/1

**До**
**Општина Велес**

**Предмет: БАРАЊЕ за изнаоѓање начини за подобрување на занаетчиството**

Почитувани,

Организацијата на жените на Општина Велес како доброволна, самостојна невладина организација реализира низа програмски активности насочени кон подобрување на општествената положба, животните услови и задоволувањето на основните човекови права на жените од подрачјето на општините Велес, Чашка, Градско и Лозово.

Во соработка со Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС од Скопје и неколку граѓански организации од Вардарскиот регион ние го основавме медиумот на заедницата Локал Актив Вардар, на кој објавуваме истражувачки стории за теми и прашања на локално ниво што ги засегнуваат граѓаните од овој регион. Една од објавените стории се однесува на занаетчиството, односно на измумирање на занаетите во Велешко.

***Бараме*** од *Општина Велес* да донесе долгорочна Програма за поддршка на старите занаети, која ќе содржи:

- мерки за субвенционирање на дефицитарните занаетчии и занаетите во изумирање;
- финансирање на настани и манифестации од областа на занаетчиството од интерес на Град Велес;
- поддршка на програми за обука на млади занаетчии;
- поддршка на изработка на сувенири од Град Велес, произведени од занаетчии.

Искрено се надеваме дека ќе се вклучите во иницијатива за решавање на ова прашање и ќе се делува со предложени мерки и активности за надминување на проблемите на занаетчиството, кое е дел од нашето богатство.

Со почит,
Мирјана Трајкова (телефон 070 645 318)

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
ВЕЛЕС

---------------------------------------------

Скенирано со CamScanner